TRAINEE

Knowledge and skills management center

**Проект Х2020**

## „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (ТРАИНЕЕ)

Почитувани,

Од името на конзорциумот на Проектот ТРАИНЕЕ, Ве покануваме на **5-та работилница за промоција на Информациско моделирање на градби БИМ - Образование за БИМ** која ќе се одржи на 3 декември 2019.

Дидактичките методи во градежништвото како впрочем и во сите останати области, следејќи ги современите текови се во постојано менување. Развојот на информатичката технологија (ИТ), како Информациското моделирање на градби (БИМ) и современите алатки како што се беспилотна градежна механизација и ласерски скенери, влијаат врз содржината на образованието во градежништвото. Од клучно значење е универзитетите да воведат нови ИТ алатки во образованието кое се однесува на управување во градежништвото, а БИМ е ветувачка алатка токму за оваа намена.

Во моментов, неколку универзитети ширум светот нудат курсеви за БИМ во своите студиски програми, додека многу други се во процес на интегрирање на БИМ во нивните наставни програми. Како и да е, најчестата рута до едукација и сертификација во БИМ вообичаено се обуките понудени од професионални организации и меѓународни провајдери на обуки.

Оваа работилница ги има следниве цели:

- да се фокусира на аспектите на обука и истражување за БИМ;
- колективна промоција на БИМ;
- воспоставување отворен медиум за комуникација за размена на знаење, искуство, студии на случај, ставови, итн .;
- соработка за заеднички активности и истражувачки проекти;
- колективен глас во однос на наставата, учењето и истражувањето, со цел да се влијае врз политиките, приоритетите за финансирање и поставувањето планови;
- минимизирање на дуплирањето и создавање стандардни практики при негување на различен пристап при обуките.

Оваа работилница ќе обезбеди потребни информации и ќе иницира свесност со цел да се предизвика акција во релевантните институции и кај проактивните лица за ставање во фокус на обуките и образование за БИМ.

Работен јазик на работилницата е англискиот јазик.

***Ве молиме, вашето учество да го потврдите најдоцна до 2 декември 2019 со пополнување на формуларот за регистрација на www.trainee-mk.eu***



**5-та работилница за промоција на Информациско моделирање на градби БИМ - Образование за БИМ**

3-ти декември 2019 (вторник)
Сала за состаноци на ФЕИТ, ул. Руѓер Бошковиќ 18, 1000 Скопје, Македонија
11:30 -15:00

# *АГЕНДА*

***11:30 – 12:00*** — ***Регистрација на учесниците***

***12:00 – 12:10*** — ***Воведни обраќања***

**Проф. Христина Спасевска, претседател на Центарот за менаџирање знаење и вештини**

□ Отворање на настанот

***12:10 – 12:30*** — ***Предавање 1***

**Проф. д-р Томо Черовшек**, професор на Градежниот факултет при Универзитетот во Љубљана, Словенија

□ Тековна состојба во образованието за БИМ

*Информација за моментната застапеност на БИМ во формалното образование, особено во високото образование. Предизвици и потребни активности со цел обезбедување на обучен професионален кадар во пресрет на потребите за дигитализација на градежната индустрија*

***12:30 – 12:50*** — ***Предавање 2***

**Игнаси Перез Арнал,** ВИТС Институт- БИМ Академија, Шпанија, партнер за обука и истражување за buildingSMART Шпанија

□ Образование за БИМ во неформалниот систем на обуки

□ Распоред на претстојните обуки за БИМ во рамките на ТРАИНЕЕ – најава и промоција

*Нај честиот начин на стекнување на знаења за БИМ е преку неформални обуки кои се главно понудени од провајдери на обуки или професионални асоцијации, како и преку самообразование преку следење на е-курсеви преку интернет. Сертификат за определено ниво на познавање на БИМ вообичаено издаваат меѓународни тела за сертифицирање, согласно однапред дефинирани процедури за оценување.*

***12:50 - 13:00*** — ***Кафе пауза***

***13:00 - 14:00*** — ***Студии на случај, презентација на најдобри практики***

**Група на БИМ Експерти: Игнаси Перез Арнал, Вангелис Росиос, проф. д-р Томо Черовшек**

*Тема:* **Образование за БИМ**

Слободни медиуми за размена на искуства во образование за БИМ (форуми, асоцијации итн.)
Стандарди во обуките за БИМ
Стандарди при сертификации за БИМ

***14:00*** — ***Ручек***

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА / ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA
КРЕАЦИЈА – ЗДРУЖЕНИЕ НА БИЗНИСИ И КОНСУЛТАНТИ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ / FACULTY OF ELECTRICAL ENGINEERING AND INFORMATION TECHNOLOGIES
ENGINEERING INSTITUTION OF MACEDONIA
Република Македонија ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ
BIM Academy